**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-2906/36
Датум: 18.12.2013 год
1000 Скопје

Врз основа на член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, а на барање од Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Наставно-научниот совет на седницата одржана на 18.12.2013 год. донесе

# ОДЛУКА

за определување соодветни предмети за матура

1. За запишување на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје на Конкурсот за запишување на студенти во прва година во учебната 2014/2015 година, кандидатите треба да ги имаат положено следниве предмети од државна матура:

**Екстерни предмети:**

- задолжителен предмет: мајчин јазик (македонски јазик и литература, албански јазик и литература или турски јазик и литература),
- прв изборен предмет: математика (основно или напредно ниво) или странски јазик,
- втор изборен предмет: физика, хемија, биологија, математика (основно или напредно ниво) или странски јазик. Не може да се одбере предмет што веќе е одбран како прв изборен предмет.

**Интерни предмети за гимназија:**

- предмет по избор на кандидатот (информатика, еден од горе споменатите предмети или некој друг сосема различен предмет).

**Интерни предмети за средни стручни училишта:**

- предмет по избор на кандидатот (информатика, еден од горе споменатите предмети или некој друг сосема различен предмет).

2. Матурантите задолжително полагаат математика (основно или напредно ниво) како еден од екстерните изборни предмети.
3. Матурантите кои ќе полагаат напредно ниво математика како екстерен предмет, ќе имаат еднаков третман во однос на освоените поени како и оние кои полагале основно ниво математика.
4. Одлуката да се достави до: ННС, УКИМ, веб страницата на ФЕИТ, ЦНС, Студентската служба и архивата на Факултетот.

Декан

Проф. д-р Миле Станковски